# Годишен извештај
# за 2022 година

Скопје, март 2023 г.

## Прочитајте


........................................................................................................................ 1

1. За Конект ........................................................................................................................ 3

2. Главни постигнувања по области во 2022 година ............................................................ 5

3. Конект во 2022 година низ бројќи ........................................................................ 8

4. Филантропија ........................................................................................................................ 10

4.1. Градење на национална инфраструктура за филантропија..................................... 10

4.1.3. Филантропија во заедниците ................................................................................. 12

4.2. Обмислено и едноставно донирање ........................................................................ 13

4.2.1. Донаторскиот кружок.............................................................................................. 13

5. Унапредување на корпоративна филантропија и општествената одговорност ............. 16

5.1. Конектирај се ................................................................................................................ 16

5.2. Бела книга ...................................................................................................................... 18

5.3. Бизнис и човекови права ............................................................................................ 19

5.4. Цели за одржлив развој ............................................................................................... 19

6. Поддршка за граѓанските организации .............................................................................. 20

6.1. Промени за финансиска одржливост на ГО ............................................................ 20

6.2. Непрофитниот сектор и мерките за спречување перење пари и финансирање тероризам.............................................................................................................................. 21

6.3. Поддршка на ГО за соработка со донатори ............................................................ 22

6.3.1. Обуки ............................................................................................................................ 22

6.3.2. Менторска поддршка ................................................................................................. 23

6.4. Ознака на доверба........................................................................................................ 24

7. Регионално и меѓународно делување.................................................................................. 24

## 1. За Конект

Веруваме дека Република Северна Македонија има потенцијал да се развива потпирајќи се на локалните ресурси и капацитети. Се стремиме да изградиме општество во кое граѓаните и претпријатијата активно ќе се вклучуваат преку донации, волонтирање и сопствена одговорност и ќе придонесат за рамномерен одржлив развој на заедниците. Докажуваме дека граѓанските организации се природен партнер на граѓаните и претпријатијата во остварувањето на оваа визија. Така, се стремиме да развиваме одржливи партнерства помеѓу граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор.

Од 2008-та, Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и општествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој на Република Северна Македонија. Покажуваме дека филантропијата и општествената одговорност не се само редистрибуција на ресурсите, туку се моќна алатка за развој што носи придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Општествената одговорност на претпријатијата (ООП) е неминовен начин на водење бизнис што обезбедува одржлив развој како на бизнисот, така и на општеството. Имено, кога ООП се интегрира во бизнис стратегијата, му овозможува на претпријатието зголемена продуктивност, иновативност и долгорочен одржлив развој.

Работиме со и за:

- Бизнисите (компании и мали и средни претпријатија);
- Индивидуалци и семејства што донираат;
- Непрофитни субјекти: граѓански организации и социјални претпријатија;
- Јавните институции.

Главни полиња за работа:

- Општествена одговорност на претпријатија (ООП);
- Филантропија;
- Социјална економија;
- Волонтерство;
- Одржлив развој.

Имаме експертиза за (избор):

- Стратешко обмислување на општествената одговорност на претпријатија;
- Стратешка индивидуална и корпоративна филантропија;
- Истражување во полињата на работа;
- Развој и анализа на јавни политики;
- Социјално претприемаштво и градење капацитети во овој домен;
- Градење капацитети и техничка помош за институции, претпријатија и граѓански организации (ГО);
- Овозможување и олеснување на меѓу-секторни партнерства.

Како ја остваруваме мисијата?

- Ги поттикнуваме поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;
- Ги поддржуваме деловните субјекти, без оглед на големината, да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- Ги поттикнуваме луѓето насекаде низ нашата земја да ги осмислат своите донации, бидејќи и малите донации кога се здружени можат да променат многу;
- Ја подигнуваме свеста за потенцијалот на филантропијата и општествената одговорност да го постигне вистинското влијание во општеството;
- Ја промовираме и поттикнуваме општествената одговорност на претпријатијата.

Што правиме?

- Директни консултации и услуги на претпријатијата, поединците и нивните семејства;
- Застапуваме за законска рамка и опкружување кое ќе ја поттикнува филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата;
- Изготвуваме анализи, истражувања и извештаи;
- Споделуваме добри практики и споредбени искуства;
- Им даваме поддршка на непрофитните субјекти (здруженија на граѓани, фондации, јавни институции, итн.) за тоа како да бидат доверливи приматели на донации;
- Го поддржуваме градењето на суштински и продуктивни меѓу-секторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции и заедниците.

Во периодот на известување Конект е:

- Потписничка на Глобалниот договор на ОН;
- Член на Националното координативно тело за ООП на РСМ;
- Контакт центар на Регионалната мрежа за ООП на мали бизниси во Централна, Јужна и Источна Европа формирана од UNIDO ;
- Членка на Американската стопанска комора во Северна Македонија (AmCham);
- Основач на мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации која брои 120 членки – ГО;
- Членка на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата;
- Имплементатор на MAMFORCE стандардот за Северна Македонија;
- Членка на „The Funding Network“;
- Членка на Глобалната коализија на непрофитни организации за FATF ;
- Членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

## 2. Главни постигнувања по области во 2022 година

**Развој за унапредување на филантропијата**

- Граѓаните што донираа во донаторскиот кружок во 2022 година се радуваа на постигнувањата од донирањето во граѓанските организации
- Поттикнавме компании до донират во граѓански организации и ги помогнавме нивните иницијативи
- Продолживме да ја градиме инфраструктурата за донирање за да се зголеми нивото на донирање, тоа да биде полесно и да се негува
- Продолживме да го водиме в изменувањклучувачки процеси на измени на Закон за донации и спонзорства во јавните дејности што треба да ја поттикне филантропијата
- Придонесовме за подобар Закон за волонтерство и Стратегија што ќе овозможи повеќе организции да вклучуваат волонтери
- Придонесуваме за развој на Стратегија и Законот за социјално претприемништво што ќе донесат препознавање на оваа нова форма за социо-економски развој
- Локалните донатори (бизниси и индивидуалци) не бараат за совет за тоа каде и како да донираат.

**Корпоративна филантропија и општествена одговорност на претпријатија**

Создадовме интернет платформа за Целите за одржлив развој. На добар пат сме и понатаму да поттикнуваме заеднички проекти.

Создадовме разбирање за тоа што им е потребно на компаниите за повеќе да се вклучуваат во корпоративна филантропија и општествена одговорност. Нивните потреби ќе ни ги формираат следните чекори.

Воспоставивме силни партнества со стопанските комори со кои ја делиме мисијата за општествена одговорност.

Компаниите не препознаваат за свои советници и партнери во општествена одговорност

## Поддршка на граѓански организации

- Ги зајакнавме релациите со граѓанските организации. Нашата мрежа за финансиска одржливост порасна и активно застапуваше.
- Ги зголемивме знаењата на граѓанските организации за тоа како да прибираат средства и прават свои планови за локално мобилизирање на ресурси. Ќе има повеќе барања за повеќе донирање.
- Поставуваме инфраструктура на локално ниво. Во 7 општини ќе работиме на создавање на јадра кои ќе се активирасаат за да го засилат локалниот одржлив развој.
- Го задлабочивме разбирањето за тоа како регулативата влијае врз работата на ГО и развивме мерки за заштита на ГО и зајакната финансиска одржливост
- Помомагаме  Република Северна Македонија да стане една од ретките земји во светот  што по проценува ризикот од финансирање тероризам во непрофитниот сектор внимавајќи преку мерките за заштита да не го попречи легитилното работење на организациите.

## 3. Конект во 2022 година низ бројќи

Нашите настани и активности бележат **<u>502 присуства</u> и директно вклучување на 317 граѓанки и граѓани**. Се радуваме што активно **вклучуваме жени (дури 64%)**. Работевме со **над 70 индивидуални донатор(к)и** усмерувајќи ја нивната поддршка за граѓански организации (ГО) во донации од приватни средства во вредност од **450.992 денари**. Вклучивме низа ГО во активности, а Мрежата за финансиска одржливост на ГО брои **112 членки**. **40** претставници на институциите работеа со нас на активен дијалог за подобрени политики и закони. Поддржавме повеќе од **68 бизниси** за да ја унапредат општествената одговорност и да се поврзат со ГО. **Застапувавме за подобрување на 9 акти** (закони и стратешки документи). **Соработувавме со 123 претставници на институции, банки и ГО** заеднички подобрен систем за заштита на ГО од злоупотреби и за зајакната доверба во секторот. Почнавме да работиме со локални заедници во **7 општини**. Во 2022 година бележиме значително големено **присуство во медиумите преку 73 објави, 7 статии и 2 ТВ гостувања**. Посветено и неуморно работевме на **6 проекти**. Се стремиме кон повеќе…






| Извор на финансирање | Приход |
|---|---|
| Институционален грант на Цивика мобилитас, МЦМС | 1,306,167.00 |
| Под-грант од програмата на ГИЗ за Западен Балкан, спроведуван од Конект и Human Security Collective, дел од глобалната програма за справување со недозволени финансиски текови (GIZ Global Program Combating Illicit Financial Flows) | 1,157,105.00 |
| Проект на УСАИД за граѓанско учество | 2,453,940.00 |
| Проект на УСАИД - Партнерства за донирање | 9,359,996.00 |
| Техничка и интегрирана заштита на лични податоци - градење инклузивен дигитален екосистем (ПД БИДЕ) | 616,950.00 |
| SDG's Partnerships - Leave no one behind, Republic of North Macedonia | 150,847.00 |
| Донации од физички лица (вклучително и Донаторски кружок) | 406,760.00 |
| Донации и спонзорства од компании | 168,597.00 |
| Приходи од субвенции на придонеси, Министерство за финансии | 59,916.00 |
| Приходи од сопствена дејност | 82,600.00 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 251,712.00 |
| Приходи од надомест на патни трошоци | 22,323.00 |
| Пренесен вишок од минатата година | 11,363,882.00 |
| Останати приходи | 2,102.00 |
| **Вкупно** | **27,402,897.00** |

Вкупните приходи во 2022 година изнесуваа 27.402.897 денари, а расходите 14.190.007 денари. Во организацијата беа вработени четири лица на четири работни позиции со полно работно време до 09.2022 кога тимот се прошири на шест вработени на пет работни позиции. Месечната бруто плата на извршната директорка изнесува 112.533 денари. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува

1:2,08, додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,51. Како и во 2021 година, платите и административните трошоци во 2022 година имаа повисок процентуален удел во вкупните расходи.

## 4. Филантропија

### 4.1. Градење на национална инфраструктура за филантропија

Конект им помага на сите што донираат, тоа да го прават обмислено и на начин што најмногу ќе придонесе за решавање на проблемите и нивните причинители, наместо само за ублажување на последиците. Посветени сме да создадеме систем што ќе ги поттикнува индивидуалните и корпоративни донатори да донираат лесно и стратешки. Работиме и со граѓанските организации за да станат посакувани приматели на донации бидејќи тие работат на одржливи промени. Со нашите активности ги здружуваме донациите за да покажеме дека и малите донации заедно можат да направат голема промена. Сето ова го нарекуваме инфраструктурата за филантропија што се состои од: регулатива што ќе го поттикнува донирањето, повеќе барање и давање донации, како и можност вистинките донатори и приматели да си се најдат и поврзат.

#### 4.1.1. Форум за филантропија

Годишниот Форумот за филантропија е нашиот национален настан што создава платформа каде филантропските лидери и сите други заинтересирани чинители разговараат за актуелните прашања поврзани со филантропијата. Се инспирираме од домашни и странски најдобри практики и знаења и негуваме соработки за филантропијата да стане позначаен развоен механизам за унапредувањето на нашето општество.




Оваа година на 15.12.2022 г. на форумот учествуваа 100 претставници од државни институции, граѓански организации, бизниси и од медиумите се согласија дека внимателната филантропија има моќ да го забрза развојот на земјата. Учевме за моќта на филанропијата од примери од Обединетото Кралство и Украина и разговаравме за домашните добри примери. Учесниците истакнаа де **преку донација се гради односот со заедниците** и може да се решат сериозни општествени предизвици.



На форумот разговаравме и во тематски групи кои повикаа на: измени на законската рамка и работа на саморегулација; зајакнување на довербата меѓу различните сектори; повеќе учење за стратешко барање и давање донации; нови алатки за зголемено онлајн донирање и поврзување на донаторите со иницијативите во заедниците; здружување на бизнисите во Клуб на одговорни бизниси. Конект посветено ќе работи на сите ови аспекти истакнати на форумот преку проектот на УСАИД „Партнерства за донирање“.

### 4.1.2. Низ дијалог до промени за повеќе донирање

Законите и политиките можат да поттикнат повеќе донирање преку даночни олеснувања, лесни начини за реализирање на донација, заштитни механизми и градење доверба. Анализиравме низа закони и политики што се поврзани со донирањето во граѓанските организации и дефиниравме каде и какви промени се потребни за повеќе да се донира. Во тој процес отворено разговаравме со сите коишто ги користат овие закони институциите, банките, непрофитните организации, бизнис коморите, донаторите и примателите. Соработуваме со нашите партнери од Европскиот центар за непрофитно право од Хаг за кај нас да ги донесеме добрите искуства од Европа и светот.



Со нашата Мрежа за финансиска одржливост на граѓански организации што брои 112 организации организиравме и поширока средба за дијалог. Мрежата вклучува членки од помали и ГО надвор од Скопје за поширок круг организации да имаат можност да се вклучат во креирање на закони и политики од интерес на секторот. Заеднички застапуваме за подобар даночен третман, зголемено ниво на донирање и

волонтирање во секторот, нови форми на оджливост како социјалното претприемништво и организациски раст на организациите како работодавач




Процесот на консултации го зајакнавме со средба за дијалог на 27.10.2022 во Скопје. Таму отворено дискутиравме и дефиниравме измени и решенија по мерка на сите што можат да овоможат остварување на филантропскиот потенцијал. Прибравме мислења од 80 претставници од клучни институции, ГО што прибираат донации и бизниси што донираат. Со Министерството за правда и институциите ја потврдивме **заложбата за продолжување на процесот на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД)**. Изнесените мислења на средбата за дијалог беше од полза за формалната работна група за измени на ЗДСЈД каде членуваме.

Од консултациите во 2022 заклучивме дека освен олеснувања на процедурите во законите, **потребно е сите да работиме на негувањето на култрата на филантропија**, градењето на доверба и повеќе можности за донирање. Затоа, во Конект посветено работевме на Ознаката за доверба (види дел 8.5), нови модели за групно онлајн донирање, промоција на филантропијата и поддршка на давателите и примателите на донации. Активно застапувавме и за носоњето на новиот Закон за социјално претприемништво како модел за финансиска одржливост на ГО.

#### 4.1.3. Филантропија во заедниците

Во 2022 година започнавме добрите практики да ги пренесеме и во 7 општини. Ќе ги примениме моделите на поттикнување на донирање, поврзување на ГО и бизнисите и ќе формиаме структури за заедничката работа на различни чинители за одржлив развој на заедниците и решавање на локалните проблеми. Со проектот на УСАИД „Здружи се за заедницата" ќе градиме локални капацитети и ќе помогнеме во заедниците да планираат, финансираат и спроведуваат решенија поврзани со развојните предизвици и приоритети. Годинава започнавме со дизајнирање на различни алатки и платформи (вклучително и мобилна апликација Комунити) каде граѓаните ќе бидат охрабрени и ќе добијат можност да ги споделат нивните потреби и да станат активни учесници во развојот на своите заедници. Ги посетивме градоначалниците и претставниците на локалните заедници во Охрид, Струга,

Гевгелија, Шуто Оризари, Чаир, Гостивар и Струмица и создадовме основа за креирање на локални акциски јадра кои ќе бидат предводници на иницијативите и отворени да ги вклучат граѓаните во заедниците. Ќе овозможиме локалните актери да соработуваат и заедно да го водат локалниот развој. Долгорочно, целта е да развиеме успешни одржливи модели за локална филантропија.

### 4.2. Обмислено и едноставно донирање

Работиме со двете страни на донирањето. За нас природни приматели на поддршка се граѓанските организации. Тие имаат мисија и посветено работат за да ги сменат животите на сограѓаните на подобро. Донаторите од бизнис заедницата и индивидуалците имаат потенцијал тоа да го прават обмислено и стратешки за донациите да имаат силен ефект. Конект е мостот на поврзување. Неуморно работиме на усмерување на донациите кон доберливи приматели и зајакнување на знаењето за тоа како донирањето може да се стави во функција на одржлив развој. Служиме како извор на знаење за ГО да бараат на вистинскиот начин, а донаторите да си осмислат каква промена сакаат да поддржат. Нашите платформи ги здружуваат помалите донации за да се окрупнат и да датат значајна поддршка на иницијативи што прават значајни промени. Донирањето е како љубовта. Треба умно да се одбере, да се верува, негува однос и заеднички да се радува на постигнувањата.

#### 4.2.1. Донаторскиот кружок

Донаторскиот кружок е друштво што донира заеднички и обмислено. Го одржавме третиот донаторски кружок на 09.06.2022 г на летната тераса на ЕВН, каде нѝ се придружија над 70 сограѓани за да донираме. Компаниите ЕВН, Фармахем, Шпаркасе банка и Сава пензиско друштво не поддржаа удвојувајќи дел од износот што граѓаните го донираа. Учесниците ни раскажаа дека донаторскиот кружок е вистинско шоу каде донирањето е забавно.





Дониравме за три граѓански организации што внимателно ги одбравме и ги подготвувавме да се претстават и да им се доближат на донаторите. Кревавме палки за да донираме, пеедме за донации и споделувавме досетки. **Прибравме донации од 450.992 илјади денари за три здруженија**. Конект се грижеше за следење на реализацијата на донациите и еве што се постигнувањата.

**<u>Центар за младински активизам Крик</u>**

На кампот за врсници со и без попреченост, млади со типичен развој се спријателија со поразличните другарчиња. 28 млади научија дека инклузијата е вредна за заедничкиот живот. Другаруваа и со 20 извидници од Париз, Франција. Имаа можност да си раскажат со какви секојдневни предизвици се соочуваат и како можат да им помагнат да ги надминат ограничувањата на попреченоста. Кога знаеш како да постапиш е полесно, а најважно е дека тие продолжија да се дружат по завршување на кампот што стана реалност поради донациите од донаторскиот кружок.






**<u>Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – Глас против насилство</u>**

Со донациите од донаторскиот кружок овозможивме и им помогнавме на жените и децата жртви на семејно насилство кои во пресвртниот момент на нивниот живот имаат итна потреба од домување и прибежиште, додека се опорават од шокот, и се охрабрат да станат економски независни за да најдат нов дом. Здружените донации создадоа „Сигурна куќа“ каде привремено се сместуваат жени и деца жртви на семејно насилство што заминале и имаат потреба за домување. Со донациите се

покрија закупнина и режиски трошоци за оваа „Сигурна куќа“, како и за покривање на кирија за две жени жртви на семејно насилство и нивните деца. Преку донирање во Интервентниот фонд не дозволивме нашите сограѓанки да бидат бездомнички, туку пруживме шанса за нов почеток.



**Здружение за култура и уметност Колектив Ветерница**

Креативноста нуди еднакво детство за сите. Ветерница е уметнички колектив што обединува млади. Таму децата со попреченост стануваат главни ѕвезди, а нивната публика не вперува прст, туку силно аплаудира. На кружокот донираме за инклузивниот ансамбл да го создаде филмот „Други приказни за Алиса“. До крајот на 2022 година тие работеа на финализирање на сценариото на инклузивниот ансамбл и бурно се спремаа за снимање. Многу се радуваме што со нашите здружени донации овозможуваме да се создаде овој филм каде приказната на децата со попреченост е во прв план и истата има сила да промени животи и да допре уште повеќе срца. Едвај чекаме да се финализира овој проект и да прерасне во вистински краток црно-бел филм.




Донаторскиот кружок го организираме по методологија на The Funding Network чија членка е Конект. Тие [во својот извештај] по повод 20 години од постоењето го препознаа токму нашиот модел на донаторски кружок како модел кој има изненадувачко влијание. Со спроведените 3 донаторски кружоци до сега имаме поддржано 9 локални граѓански организации, сплотени донации од 173 донатори и собрано над **18.350 евра**.

Сакате да се придружите на донаторскиот кружок? Пишете ни на konekt@konekt.org.mk.

# 5. Унапредување на корпоративна филантропија и општествената одговорност

## 5.1. Конектирај се

Во 2021 година преку сервисот Конектирај се! иницираме меѓусекторски партнерства кои вклучуваат ГО, медиуми, индивидуални и корпоративни волонтери, поддржувачи од бизнис секторот, институции и локални заедници. Проектите опфатија Цели за одржлив развој кои претходно беа мапирани од учесниците. Пристапивме на 32 компании и им помогнавме да ја препознаат поддршката на овие проекти и ГО како можност да ја унапредат нивната општествена одговорност. На 28.01.2022 година, на онлајн настан ги презентиравме успесите и научените лекции од нашите партнерства. 25 претставници од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор имаа можност да се вклучат во панел дискусија за научените лекции, да споделат идеи за идни чекори и да научат за можностите за понатамошна соработка.






Во 2022 година продолживме да се надоврзуваме и да го градиме сервисот Конектирај се!. Постојано работевме на идентификување на потенцијални партнерства на ГО-бизнис и работевме со двете страни за да поттикнеме различни форми на соработка и да развиеме долгорочни партнерства. Овој процес обично бара неколку месеци од првичното идентификување на потенцијалот до вистински договор за соработка. **Во 2022 година воспоставивме 4 ГО-деловни партнерства со партнерските компании и дисперзиравме поддршка од 7.300 долари** во различни форми: финансиска, во натура и други форми на соработка. Предновогодишниот период беше особена можност да се мотивира поголем

ангажман. Ги инспирираме компаниите да спроведуваат директни активности со ГИ и да да ги споделат добрите примери за поттик на други.



Го поврзавме Отворете ги прозорците со ИТ компанијата Shortlist која ја разбра важната улога на асистивната информатичка технологија која организацијата ја користи за да овозможи услуги за деца и млади луѓе со попреченост. Компанијата донираше постратешки и го подобри ангажманот на вработените како дел од партнерството. Тие беа инспирирани да организираат мала акција за собирање средства меѓу своите вработени и подготвија подароци за децата кои го користат центарот за асистивна технологија. Заеднички организираа предновогодишна прослава во просториите на здружението за да се сретнат и поздрават. Беа направени и планови за 2023 година, вклучувајќи корпоративна волонтерска поддршка на организацијата.

Ја поврзавме компанијата Адинг со Дневниот центар за деца од улица во Шуто Оризари. Компанијата донираше ракавици и други зимски подароци за децата и организираше посета на центарот.



Ја поврзавме издавачката куќа „Вермилион" и Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по Чекор. Преку сервисот „Конектирај се" издавачката куќа донираше 1.324 книги интересна детска литература. Чекор по чекор внимателно одбраа пет училишта во земјава кои имаат помала достапност на литература за деца. Нивните библиотеки се збогатија со книги што се од инклузивен карактер, односно опфаќаат теми кои промовираат и поттикнуваат социјална вклученост и рушење на социјалните стереотипи.

Национална Мрежа Против Насилство врз Жените и Семејно Насилство – Глас против насилството ги поврзавме со консултантска фирма за човечки ресурси која е управувана од жени со стратешки фокус на рамнотежа помеѓу работата и животот и стратегиите за вработените погодни за

семејството. Тие изразија интерес да ја поддржат мрежата во форма на специјализирани работилници и менторство за да им помогнат на жените кои преживеале насилство, да им помогнат да стекнат самодоверба и да работат на нивните вештини за вработување. Консултантската куќа се посвети да обезбеди про-боно услуги за развивање и спроведување на работилниците и посветување часови за менторство за да ги насочи жените кон вработување.

### 5.2. Бела книга

Нашите партнери од Стопанската комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ) со наша поддршка издадоа „Бела книга за добри практики за филантропија и општествена одговорност на претпријатијата (ООП)“ Оваа публикација служи како практикум на добри примери и ја пополнува идентификуваната празнина во достапноста на транспарентни информации за корпоративната филантропија и статешк поставеност на општествената одговорност. Белата книга содржи збирка на активностите на истакнатите компании членки на СКСЗМ и служи како инспирација на другите компании да размислуваат и да ги прегледаат нивните филантропски практики кон пострапешки пристап.






MESSAGE *From the Project Director of the USAID Project "Partnerships for Giving"*

The companies are integral part of every community. They provide goods and services, employ the local citizens and create the community wealth. Moreover, through corporate philanthropy many companies engage in improving the wellbeing of the communities where they operate. They use their resources (financial, material and human) to support various areas of public interest such as education, arts and culture, environment, social inclusion etc. When corporate philanthropy is strategically planned based on the needs of the communities, targeted and streamlined with the core business, it can drive meaningful social change. It also benefits the business as companies strive and achieve growth when they operate in prosperous societies. This is the case with the companies in North Macedonia as presented in the examples in this publication.

*Nikica Kusinikova, Executive Director of Association Konekt and Project Director of the USAID Project "Partnerships for Giving"*

The corporate philanthropy is often the entry point to an increased sustained engagement of the companies in Corporate Social Responsibility. Companies embracing their social responsibility are addressing their environmental, social and governance impact striving to firstly minimize the negative impact of their business operations on the environment and the society and then to achieve positive impact and create shared value. Within the Responsible Business Club supported by the USAID's "Partnerships for Giving" Project we are creating a community of companies committed to do responsible, ethical business. We also support them to advance their philanthropy towards more strategic social investment in their communities that will drive positive change in our society. Moreover, we provide companies with opportunities for collective action where they join resources to increase impact. It is my pleasure to have the opportunity to partner with the Economic Chamber of North West Macedonia in this endeavor.

Message from the Executive Director, Konekt 8



Учествувавме во промоцијата на публикацијата за време на Бизнис форумот организиран од СКСЗМ каде присуствуваа 42 учесници од 27 различни компании. На настанот дискутиравме за предизвиците во корпоративната филантропија и начините за нејзин стратешки развој.

### 5.3. Бизнис и човекови права

Бизнисите се важни чувари на човековите права. Во 2022 активно застапувавме да се развие и усвои Национален акционен план за бизнис и човекови права. Ја возобновивме и го проширивме составот на меѓу-секторската работна група за бизнис и човекови права каде со бизнисите, ГО и институциите работиме на поактивно вклучување на бизнисите во оваа важна агенда. На 06.10.2022 година со вкупно 21 учесник (ГО, државни институции и бизниси) ја организиравме првата онлајн средба. Работната група ќе развие сет на индикатори за ИТ компании и за институциите, со цел да се осигура дека продуктите и технологиите немаат штетно влијание на човековите права во процесот на јавни набавки. Индикаторите за институциите ќе претставуваат и заштитен механизам при креирање на јавни набавки со што ќе осигураат дека системите што ги набавуваат нема да имаат негативно влијание на човековите права, граѓанскиот простор и филантропијата. Компаниите пак, ќе ги користат индикаторите за да направат проверки во текот на дизајнирањето на своите продукти.




### 5.4. Цели за одржлив развој

Целите за одржлив развој продолжија да бидат наша платформа за вклучување на сите чинители во креирање подобри заедници. Меѓу-секторските проекти и сето локално знаење за целите за одржлив развој го внесовме во креирање на интернет платформа за учење www.sdgs.mk Посетете ја и започнете го вашето делување во целта што значи за вас, вашиот бизнис, организација.




Продолживме да работиме и со институциите. Од искуствата од првиот процес на подготовка на Доброволниот национален преглед открија низа институционални предизвици кои ја попречуваат оперативната имплементација на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој. Со цел да се одблокираат процесите и да се подготви материјал за идно застапување, изготвивме кратка анализа на постоечката состојба која беше претставена на онлајн настанот во јануари. Како исход од настанот, во два дена 51 учесник од 13 институции, 4 бизниси и 7 ГО заеднички дефинираа препораки за подобрување на меѓуинституционалната координација и ангажирање на засегнатите страни.

## 6. Поддршка за граѓанските организации

### 6.1. Промени за финансиска одржливост на ГО




Во 2022 година Конект и понатаму продолжи со раководење на Мрежата за финансиска одржливост. Преку средбата за консултации се собраа 58 учесници од 46 граѓански организации и 2 државни институции (Министерство за финансии и Управа за финансиско разузнавање) да разговараат за низа регулаторни промени или процеси на промени, за новите можности за прибирање донации од локални извори како и за тековни прашања значајни за застапување и за дискусија во рамки на граѓанскиот сектор.

Дополнително имавме и проширување на Мрежата со што станавме 112 ГО кои заеднички и обединети делуваат во нејзе и застапуваат за законски измени што ќе овозможат поволна средина за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Придружете ни се и [<<зачленете се во мрежата>>].

## 6.2. Непрофитниот сектор и мерките за спречување перење пари и финансирање тероризам



Продолживме активно да придонесуваме регулативата за спречување перење пари и финансирање тероризам да се спроведува на начин што ќе го штити непрофитниот сектор и нема да ја попречува неговата значајна работа. Продолживме да соработуваме со институциите, Управата за финансиско разузнавање (УФР) и ги вклучивме сите засегнати страни во градење систем и решенија и што ги вклучуваат меѓународните текови. Активно се вклучивме и во меѓународната проверка на државата за исполнувањето на стандардите. Работевме и со банкарскиот сектор којшто најчесто ја користи оваа регулатива и организиравме 5 стручни средби на кои се направија подобрувања на системите на проверка на финансиските трансакции што ќе ги штитат организациите и подобро ќе идентификуваат можни злоупотреби. Како резултат, обновените индикатори што институциите и банките ги користат се адаптирани на спецификите на работењето на непрофитниот сектор, па стануваат негов подобар чувар.



Продолживме и со специјализираните обуки наменети за заштита од финансирање тероризам и перење пари кај НПО за и малите организации да умеат да се заштитат. Одржавме вкупно 6 обуки, ги зајакнавме капацитетите на 118 претставници од 85 локални организации од ризични региони на РСМ. Ова се први обуки од ваков вид во нашата земја и стануваат значајна заштитна мерка. До 160 ГО доставивме и пакет информации што се состоеше од дополнет леток за ознаката, информативен леток за проценката на ризик од финансирање тероризам за непрофитните организации во Република Северна Македонија и Прирачникот за НПО кој стана меѓународно признаена добра пракса.




## 6.3. Поддршка на ГО за соработка со донатори

Ги учиме и поддржуваме граѓанските орфанизации да прибираат донации од бизниси и граѓани. Така ја подобруваат својата финансиска одржливост и создаваат силни врски со своите заедници и граѓаните за кои постојат. Низ обуки, менторирање и советување чекор по чекор доаѓаме до повеќе поддрша и силни грѓански организации.

### 6.3.1. Обуки

Во 2022 година  ги обучувавме ГО да мобилизираат ресурси на локално ниво. Низ циклус на 2 обуки спроведени во 5 денови (во јули и септември 2022 година), успеавме да опфатиме 51 претставник од 27 ГО и 1 неформална група. Учесниците учеа чекор по чекор да направат успешен план за прибирање донации од бизниси и граѓани. Едуциравме со презентации, анализа на случаи, симулациски вежби, играње улоги, групна и индивидуална работа. Програмата за градење капацитети опфати и консултации со бизнис секторот, примери за соработки, деловни потреби и научени лекции за успешен пристап кон прибирање финансиски средства. На таков начин учесниците од прва рака добија практични совети за прибирање средства од претставниците од бизнис заедницата. Се запознаа и со позитивните ефекти од нашата програма за градење капацитети од претходни години од програми чии практики за прибирање финансиски средства резултираа со собирање над 90.000 евра од бизнис секторот и граѓаните, покажувајќи ја ефективноста на нашата програма за градење



капацитети. Посебен фокуес беше комуникацијата каде професионалци од оваа област ги учеа учесниците да бараат донација кратко и јасно и да остаат силен впечаток.

По спроведување на обуките, организациите имаа можност да продолжат да работат и да ги финализираат нивните планови за мобилизирање на локални ресурси, а ние сме ментор(к)и за да ги спроведат.

*„Концептот на обуката беше таков што ме охрабри посистематски и постратешки да пристапам кон процесот на мобилизација на локални ресурси“.*
*- Анонимен испитаник во прашалникот за евалуација*

### 6.3.2. Менторска поддршка

Бевме горди ментори на Заедно посилни и чекор по чекор да го развија нивниот локален план за мобилизација на ресурси. Со наша поддршка направија специјализиран настан „Донаторско караоке за Светскиот ден за борба против СИДА-та на 1 декември 2022 година“. Настанот беше многу забавен и околу 100 учесници преку песна собраа ~3.041 $ за поддршка на социјално ранливи лица кои живејат со ХИВ. Од искуство најдобро се учи!



### 6.4. Ознака на доверба




Низ низа активности продолживме активно да ја промовираме Ознаката за доверба како механизам на саморегулација во граѓанскиот сектор што промовира транспарентност, добро управување и влева доверба кај партнерите. Спроведовме директна обука за претставници на ГО за да се запознаат со концептот на Ознаката и нејзиното здобивање. Дополнително одговоривме на потребите на ГО и овозможивме прилагодено менторство за 9 ГО. Развивме и дополнително ниво на сертификација за помали и нови ГО кои креираат годишен работен план за усогласеност со 7-те области од Ознаката за доверба.

Ја промовираме Ознаката за доверба и во банкарскиот сектор. Македонската банкарска асоцијација во својот т [билтен] активно информираше за нашите активности.

Ознаката ја промовиравме и на Денот на граѓанските организации и социјалните претпријатија (24.09.2022 година). Спроведовме неколку онлајн кампањи за Ознаката за доверба на социјалните мрежи каде над 23.560 граѓани добија информации и дополитело за ознаката се објавија 3 медиумски објави. До крајот на 2022 година 7 ГО се во завршна фаза на добивање и/или продолжување на ознаката за доверба. Ознаката исто така беше меѓународно претставена на работилницата на глобалниот експертски хаб од 12-14 септември 2022 г. во Париз, организиран од Глобалната НПО коалиција (Global NPO coalition).


МБА
КВАРТАЛЕН е-БИЛТЕН #5

СОРАБОТКА СО

КОНЕКТ

**Непрофитните организации заедно со МБА – активни партнери за развој на системот за спречување перење пари и финансирање тероризам**

КОНЕКТ

**Непрофитниот сектор и мерките за спречување перење пари и финансирање тероризам**

„...успешни мерки против перење пари и финансирање тероризам се само оние што не го попречуваат развојот на непрофитниот сектор и неговите легитимни активности", г-ѓа Никица Кусиникова, извршна директорка на „Конект"

**Процена на ризици за финансирање тероризам преку непрофитните организации**

## 7. Регионално и меѓународно делување

Во последните неколку години, Конект изгради значајна експертиза во областа на СПП и СФТ и активно учествува на глобално ниво преку Глобалниот форум за борба против тероризмот ([Global Counterterrorism Forum]) и Глобалната НПО коалиција за ФАТФ ([Global NPO Coalition on FATF]). Продолживме активно да учествувме и во глобалните иницијативи предводени од ECNL, ICNL, ОН и Советот на Европа. Конект учествуваше во овие активности за промовирање на проценката за ризици од

финансирање тероризам кај непрофитните организации во Северна Македонија како пример за партиципативен процес и за дискутирање на перспективите од спроведувањето на политиките за СПП, СФТ vis a vi филантропијата и граѓанскиот простор. Ние им служевме на ГО од други земји како ресурс и ментори во подготовките за забрзување на НПО ТФ РА и ја поддржувавме нивната соработка со нивните влади за време на процесите на меѓусебна евалуација. Нашето активно вклучување на меѓународната сцена го користиме за споделување на добрите практики и јакнење на капацитетите ширум светот, преку што ја јакнеме веќе изградената позиција на клучен поврзувач помеѓу глобалните актери на националната, регионалната и меѓународната сцена.

ул. „Ристо Шишков" 12-1/4,
1000 Скопје, Северна Македонија
тел: +389 2 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk
www.konekt.org.mk

www.donirajpametno.mk

http://konekt.org.mk/sdgs
www.bezkorupcija.mk
www.konekt.org.mk/blog